Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20 ____ год.
Потпис.

# ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-63**
**Датум: 27.07.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | [redacted] |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка | |
| Банка депонент | |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице во субјектот на надзорот: | | |
| Име и презиме: [redacted] претседател, овластено лице на Здружението | Телефон [redacted] | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 18.07.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 13.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 25.07.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.50 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)** | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Налог ИП 1 бр. 57-63 од 07.07.2022 г., од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамопниот текст: СУИН на МК), а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 23-5189/1 од 05.04.2022 година. Надзорот е предвиден со месечниот план за работа на СУИН на МК за месец јули бр. 57-49/8 од 29.06.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

- [redacted] виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ **од 80.000 денари (од вкупно доделените 102.400 денари за материјални трошоци)**, согласно со Договорот бр. 22-6603/1 од 18.05.2021 г., за учество во финасирање проектот од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2021 година, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутно беше одговорното лице во субјектот на надзорот [redacted]

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], претседат | [redacted] | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваа други лица:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| / | / | / |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 22-2509 од 12.11.2020 г. на Годишниот конкурс за учество во финансирање за проектот од национален интерес во културата за 2021 „Да го запознаеме Кичево по мурали", со Решение на министерот за култура УП1 бр. 22-2509/2020 од 23.02.2021 г., прифатен е Проектот на Здружението, а за финансирање на проектот одобрени се средства во износ од 102.400 денари.

Предметната Пријава со која што Здружението аплицирало на Годишниот конкурс за учество во финасирање на проекти од национален интерес во културата, е доставена само на албански јазик и притоа од страна на комисијата во МК, која што одлучувала по пријавите на конкурсот, не е извршен писмен превод на текстот во Пријавата. При надзорот, од страна на инспекторот по службен пат, побарано е да се изврши официјален превод на текстот во пријавата од албански на македонски јазик, од страна на економскиот оператор Друштво за услуги „Бестел" ДООЕЛ од Скопје, со кој што МК има склучено Договор бр. 47-6561/12 од 04.07.2022 г., за обезбедување на услуги за вршење превод за потребите на МК за период од една година. Притоа, утврдено е дека во предметната Пријава, Здружението навело дека бараните средства од Буџетот на РСМ, ќе бидат искористени за следните намени: координатор на проектот, подготовка на простории за реализација на муралните цртежи, изработка на муралните цртежи од страна на ученици и професионални сликари специјализирани за реализација на ваква активност, изработка на леток со изработените мурали, нивно објаснување, промоција и дистрибуција на летокот како и трошоци за банкарски провизии и сметководствени услуги.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 22-6603/1 од 18.05.2021 г., за учество во финансирање на Проектот „Да го запознаеме Кичево по мурали" од национален интерс во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2021 година, со средства во износ од 102.400 денари, а во кој што е наведено дека одобрените средства се наменети за материјални трошоци за реализација на Проектот.

На 04.05.2021 година, одговорното лице во Здружението доставило Барање за исплата на аванс од одобрените финансиски средства, заведено во МК под бр. 22-5578/1, како и изјава дека наменски ќе ги користи преведените средства согласно со член 3 став (1) алинеја 1 од Договорот. Исто така, во прилог на Барањето, доставен е и оперативен и финасиски план за користење на буџетските средства за реализација на Проектот, на соодветен образец, а којштo е составен дел од Договорот со МК, согласно со член 1 став (2).

Според изјавата на присутното лице, по насоки од надлежните служби во МК, во доставениот Оперативен и финансиски план покрај тоа што е наведено дека проектот ќе биде реализиран во период од месец мај 2021 до месец јули 2021 година, Здружението навело дека одобрените средства за Проектот од вкупен износ од 102.400 денари, ќе бидат потрошени за намените утврдени со Договорот, односно за материјални трошоци за изработка на муралот.

Врз основа на Решение за преведување на средства на раководителот на Сектор дејности од областа на културата бр. 22-6603/2 од 14.06.2021 г., МК на жиро-сметката на Здружението, превело средства од Буџетот на РСМ, во износ од 80.000 денари, како аванс за реализација на проектот.

- На 07.12.2021 година, со Допис на Здружението, заведен под број 22-13982/1 до надлежниот Сектор за дејности од областа на културата и уметноста во МК, **повторно** е доставен Образецот заведен под број 08-96/1 од 28.07.2021 г., за наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, кој што веќе еднаш бил доставен по пошта во месец јули 2021 г. и заведен во писарницата на МК под број 22-9731/1 од 28.07.2021 г., со соодветна документација во прилог како доказ дека проектот е реализиран, а што е обврска од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (4) од Договорот со МК.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- При вонредниот инспекциски надзор, според презентираната документација и евиденција преведените средства во износ од 80.000 денари се потрошени за следните намени:

-22.222 денари во бруто износ се платени за хонорар за координатор на Проектот на одговорното лице на Здружението , по Договор бр. 02-93/1 од 10.05.2021 г., (Банковен извод бр. 1 од 24.06.2021 г.,);

-21.277 денари во бруто износ се платени за хонорар за соработник на Проектот на лицето , по Договор бр. 02-93/1 од 10.05.2021 г., (Банковен извод бр. 1 од 24.06.2021 г.,);

-21.277 денари во бруто износ се платени за хонорар за соработник на Проектот на лицето , по Договор бр. 02-94/1 од 10.05.2021 г., (Банковен извод бр. 1 од 24.06.2021 г.,);

-7.000 денари, се платени за набавка на поликолор тониран, по ф-ра бр. 14/2021 од 07.06.2021 г. издадена од , Кичево, (Банковен извод бр. 1 од 24.06.2021 г.,);

-97,00 денари се земени за банкарска провизија (Банковен извод бр. 1 од 24.06.2021 г.,);

-7.800 денари, се платени за сметководствени услуги, по ф-ра бр. 290/2021 од 31.12.2021 г. издадена од Друштвото Дооел, Кичево, (Банковен извод бр. 1 од 21.01.2022 г.,);

-424,00 денари се земени за банкарска провизија (Банковен извод бр. 1 од 24.06.2021 и Банковен извод бр. 1 од 21.01.2022 г.,);

- Оттука, при надзорот е утврдено дека Проектот - **„Да го запознаеме Кичево по мурали“, од национален интерс во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2021 година**, е **реализиран**, а преведените средства во износ од 80.000 денари, Здружението ги потрошило наменски, односно согласно со наведените намени во Пријавата на Годишниот конкурс за учество во финансирање за проектот од национален интерес во културата за 2021 година „Да го запознаеме Кичево по мурали“, **и тоа за надоместоци за подготовка, координација и реализација на Проектот, согласно со член 68 став (1) од Законот за културата.**

Исто така, до надлежниот Сектор во МК е доставен содветен образец за наративен и финасиски извештај за реализација на Проектот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, со спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање како и друга пропратна (фото) документација како доказ дека проектот е реализиран, а согласно со член 68 став (3) од ЗК.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор;**
**- не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзорот,**
**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на Здружението, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, од страна на инспекторот ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:
________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот и овластено лице на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>виш инспектор | |
| Датум: | .07.2022 г. | Датум: | 27.07.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk